**Д-р Славко Димевски (1920-1994)**



На 24 април 1994 година престана да чука благодарното срце на познатиот македонски историограф, д-р Славко Димевски, научен советник во пензија, еден од најдобрите и најплодните македонски црковни историографи кај нас.

Славко Димевски е роден во Куманово во 1920 година. Мошне рано останал без татко. Основно училиште завршил во родниот град, а четири години Богословска семинарија во Битола. Учествувал во НОБ во 1944/45 година, а по завршувањето на Втората светска војна работи како свештеник. Немирниот дух на Димевски го тера истовремено да студира, вонредно, на Филозофско-историскиот факултет во Скопје, група Национална историја. По успешно завршените студии во 1956 година се вработува во Институтот за национална историја-Скопје, во Одделението за преродбенско-националноослободително движење. Како истражувач на македонската преродбенска-националноослободителна, црковно-просветна и културна историја, од 1957 до 1965 година Димевски неуморно работи во Архивското одделение и во институтската библиотека, една од најбогатите со историографска литература и периодика кај нас. Тоа го илустрираме со два момента. Според кажувањето на покојниот Петар Кушевски (тогашен раководител на институтската библиотека), Славко Димевски, како еден од ретките институтски истражувачи го преорал целокупниот библиотичен фонд (литературата, периодиката и документацијата) што се наоѓале во ИНИ, а биле негов интерес во врска со обработката на неговата докторска дисертација. Работејќи обично преку целиот ден, во просториите на ИНИ, рано наутро го затекнал познатиот скопски земјотрес на 26 јуни 1963 година.

Откако ја одбранил докторската дисертација: “Римокатоличката пропаганда и унијатското движење во Македонија во втората половина на XIX век до 1944 година” се здобил со звањето научен соработник.

Наскоро по докторирањето, Димевски се вработил како секретар во Матицата на иселениците од Македонија. Подоцна станал црковно-просветен референт и уредник на Весникот на Македонската православна црква во Скопје. Од 1967 година д-р Славко Димевски бил избран за

секретар на програмскиот колегиум на Радио-телевизија Скопје, а по две години за уредник на образовната програма на Телевизија Скопје.

Во 1975 година д-р Славко Димевски се вработил во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, добивајќи го звањето виш научен соработник. Во 1978 година бил избран за научен советник во истиот Институт каде што успешно работи сè до пензионирањето. Таму Димевски бил главен и одговорен уредник на Годишникот на Институтот, претседател на Научниот совет и носител на многубројни проекти и елаборати. Во одделни од нив, притоа, објавувајќи повеќе статии и забележителни монографии кои му ја донесуваат републичката награда "Гоце Делчев".

Д-р Славко Димевски бил професор на Третиот степен студии во матичниот институт, на Правниот факултет и на Филозофско-историскиот факултет во Скопје. Тоа му овозможува менторство на повеќемина магистранти и докторанти, членување во одделни комисии при одбрана на магистерски и докторски дисертации.

Научниот советник д-р Славко Димевски учествувал на повеќе научни собири во земјата и во странство. Објавил многубројни научни прилози и публикации. Еден дел од прилозите ги има публикувано токму во сп. "Историја", орган на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија.

Македонската, балканската, па и пошироката научна јавност покојниот д-р Славко Димевски ќе го запамтат со публикациите:

1. Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје, 1960, 100.
2. Македонското националноослободително движење и Егзархијата (1893-1912), Скопје, 1963, 109.
3. Црковна историја на македонскиот народ, Скопје, 1965, 230
4. Митрополит скопски Теодосиј - живот и дејност (1848-1926), Скопје, 1965, 205.
5. За развојот на македонската национална мисла до создавањето на ТМОРО, Скопје, 1980, 340.
6. Македонските општествено-културни текови во феудализмот, Скопје, 1981, 280
7. Македонската борба за црковна и национална самостојност во XIX век (Унијатското движење), Скопје, 1988, 303 и други книги и статии.

Секако дека круна на научно-истражувачката дејност на д-р Славко Димевски претставува тротомната "Историја на Македонската православна црква", Скопје, 1989, 1148. Во неа незаборавниот Славко Димевски ја следи историјата на Охридската архиепископија, односно на Македонската православна помесна црква од најстар период до поново време.

Д-р Славко Димевски зад себе остави многубројни докторанти и следбеници. Познат по подготвеноста секогаш и секому да му помогне со своето богато научно-истражувачко искуство, особено на помладите кадри, д-р Славко Димевски ќе остане за навек сакан и почитуван историограф, научник, човек, хуманист. Затоа неговиот светол лик и богатото историографско дело ќе останат трајно забележани во сеќавањата на плејада научни кадри (историографи, политиколози, дипломати, правници, теолози). Тие не само што нема никогаш да го заборават, туку кон него се однесуваат со најголем пиетет и почитување.

Александар Трајановски

**Славчо Младеновски (1931-1994)**



На 11 јули 1994 година, по долго боледување од нашите редови замина колегата Славчо Младеновски, долгогодишен професор по историја и педагошки советник.

Колегата Славчо Младеновски е роден на 25 март 1931 година во селото Владимирово, Малешевско. Основно образование завршил во своето родно место Владимирово и во Берово. По ослободувањето на земјата тој го продолжува своето образование во гимназијата "Јане Сандански" во Струмица. Гимназијата ја завршува во 1950 година и веднаш истата година се вработува како наставник по историја во основното училиште во селото Русиново-Малешевско. Воден од силната желба да го продолжи своето образование, следната 1951 година се запишува на Вишата педагошка школа во Скопје на одделот Историја и географија. Во 1953 година дипломира на истата школа и се вработува како наставник во гимназијата "Ацо Рускоски" во Берово.

Во 1963 година се вработува во Заводот за школство како советник по историја. Во 1976 година се запишува на групата Историја на Филозофскиот факултет во Скопје и го дооформува своето високо образование. Како професор по историја продолжува да работи во Педагошкиот завод за школство во Берово, а од 1986 година е директор на истиот завод. На тоа работно место останува до 1989 година, кога поради болест е принуден да го напушти.